**20131643969**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за безбедност во снабдувањето со крв, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2013 година.

Бр. 07-4589/1
21 ноември 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО КРВ**

Член 1

Во Законот за безбедност во снабдувањето со крв („Службен весник на Република Македонија“ број 110/2007), во членот 47 став 2 зборовите: „министерот за здравство“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.